Врз основа на член 48 од Законот за административни службеници ("Сл.весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 154/2015, 48/2015, 142/2016 и 11/2018, и 275/19, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20),), ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, објавува

# И Н Т Е Р Е Н О Г Л А С бр. 01/2021

за унапредување на 2 (два) административни службеници
во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија објавува интерен оглас за унапредување на 2 ( два) административни службеници за следните работни места:

1. ДИРЕКТОР НА СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, со звање Директор на Сектор со шифра на работно место ФЗО 0102 Б01001 – 1 (еден) извршител

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место; и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

-**Стручни квалификации**: ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, во областа: Правни науки, економски науки, организациони науки и управување (менаџмент).

-**Работно искуство**: најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор

**- Општи работни компетенции:**
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;

- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

- **Посебни работни компетенции:**
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- положен испит за административно управување.

**Распоред на работното време:**
- Работни денови: од понеделник до петок;
- Работни часови: 40 часа неделно;
- Работно време со почеток во периодот од 7:30 / 8:30 часот и крај на работното време во периодот до 15:30 / 16:30 часот.

**Паричен износ на нето плата:** 46.246,00 денари.

2. ДИРЕКТОР НА СЕКТОР ЗА КОНТРОЛА, со звање Директор на Сектор со шифра на работно место ФЗО 0102 Б01001 – 1 (еден) извршител

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место; и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

-**Стручни квалификации**: ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, во областа: Економски науки, организациони науки и управување(менаџмент), медицински науки.

-**Работно искуство**: најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

- **Општи работни компетенции:**
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

- **Посебни работни компетенции:**
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- положен испит за административно управување.

**Распоред на работното време:**
- Работни денови: од понеделник до петок;
- Работни часови: 40 часа неделно;
- Работно време со почеток во периодот од 7:30 / 8:30 часот и крај на работното време во периодот до 15:30 / 16:30 часот.

**Паричен износ на нето плата:** 46.246,00 денари.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како и следните услови:

- да е оценет со оцена "А" или "Б" при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на истото ниво; и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Заинтересираниот административен службеник, поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија до Сектор за управување со човечки ресурси со назнака за интерен оглас.

Кандидатите кон пријавата, **покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови,** можат да ги приложат и следните докази во скенирана форма:
- потврди за успешно реализирани обуки;
- потврди за успешно реализирано менторство.

Рок за поднесување на пријавата со доказите трае 7 (седум) дена од денот на објавување на веб страницата на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија.

НАПОМЕНА:
Ненавремената, нецелосната и неуредно пополнетата пријава, нема да се разгледува. Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка.

Постапката за селекција за унапредување ќе ја спроведе Комисија формирана од Директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.